Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-343/6

_________ година 30-06-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-343/1 од 3.4.2025 година поднесена од од Прилеп, со адреса на ул против Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на социјално потекло, имотна состојба и општествен статус во областа на социјалната сигурност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија врз врз основа на социјално потекло, имотна состојба и општествен статус во областа на социјална сигурност.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-343/1 од 3.4.2025 година, од страна на ротив Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна македонија (понатаму „**Фондот**", „**ФПИОСМ**"), за сторена дискриминација во областа на социјална сигурност.

Според наводите од претставката, подносителката е регистрирана индивидуална земјоделка, која сама ги подмирува трошоците за пензиско и здравствено осигурување во подрачните единици на Фондот, меѓутоа повеќе од една година не е во можност да ги подмири трошоците за пензиско осигурување поради неможност да се издадат декларации. Имено, наведува дека повеќе од четири месеци го посетувала ФПИОСМ во Прилеп со цел да ѝ издадат декларации за плаќање на пензиско осигурување, но вработените во подрачната единица во Прилеп ја враќале со образложение дека не се во можност во Прилеп да издадат декларации, по што ја упатиле во Скопје. Но, при посета на Фондот во Скопје, тие ја упатиле назад во подрачната единица во Прилеп, како единствено место каде може да се дадат декларации за пензиско осигурување за регистрираните земјоделци од тој регион.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 7.5.2025 година испрати Известување бр. 08-343/2 за произнесување по наводите од претставката до ФПИОСМ-Прилеп и Известување бр. 08-343/3 за произнесување по наводите од претставката до ФПИОСМ.

На ден 21.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ФПИОСМ, заведено во Комисијата под бр. 08-343/4.

Во произнесувањето известуваат дека поради недостаток од вработени во филијалата во Прилеп, декларациите за плаќање на придонес за индивидуалните земјоделци ги издава раководителот на филијалата откако секоја странка ќе се упати кај него.

Наведуваат дека по извршениот разговор со раководителот на Филијалата во Прилеп, констатирале дека подносителката не се обратила кај раководителот за нејзиното барање, во спротивно веднаш ќе била услужена. Оттука, сметаат дека не постои основ за дискриминавија на подносителката од страна на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување Филијала Прилеп.

Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

На ден 21.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ФПИОСМ-Прилеп, односно раководителот на филијала Прилеп- , заведено во Комисијата под бр. 08-343/5.

Во произнесувањето од филијала Прилеп исто така известуваат дека поради недостаток од вработени во филијалата во Прилеп, декларациите за плаќање на придонес за индивидуалните земјоделци ги издава раководителот на филијалата откако секоја странка ќе се упати кај него. Во оваа насока, раководителот информира дека странките се обраќаат кај него и се запишуваат на список за да им се изработат декларации, потоа Филијалата ги изработува декларациите, ги доставува до УЈП за да се обработат и на крај од Филијалата ги известуваат странките за да си ги подигнат декларациите или ги праќаат по пошта. Раководителот тврди дека секој кој се обратил до него бил услужен и никој не бил вратен, а најмалку дискриминиран. Исто така информира дека подносителката се нема обратено за нејзиното барање кај него, во спротивно веднаш ќе била услужена.

По увид во наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди фактичката состојба и констатира дека не станува збор за повреда на право врз дискриминаторска основа.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*
Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во конкретниот случај, не станува збор за повреда на право бидејќи подносителката воопшто не се обратила до ФПИОСМ за издавање на декларации за пензиско осигурување. Оттука, не може да стане збор ниту за дискриминација, бидејќи не постои одредено разликување, исклучување, ограничување или давање првенство кое било сторено од страна на Фондот кон подносителката на претставката, поради нејзиниот статус на регистрирана земјоделка.Иако се констатира дека во филијалата во Прилеп постои недостаток од вработени, сепак е понудена можноста декларациите за плаќање на придонес за индивидуалните земјоделци да бидат прибавени од раководителот на филијалата, откако секоја странка ќе се упати кај него со барање за истото. Во оваа смисла, настанатата ситуација поради недостиг од вработени нема како последица нееднаков третман кон подносителката на претставката во однос на други лица од истата категорија, односно со истата лична карактеристика на индивидуален/на земјоделец/ка.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- , 7500 Прилеп
- Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, филијала Прилеп, ул. Прилепски бранители (Марксова) бб, 7500 Прилеп
- Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, ул. 23 Октомври бр. 11, 1000 Скопје